ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИЗМЕНИ ВО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ЗА ОТВОРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПЛАТЕЖНА СМЕТКА И ВРШЕЊЕ НА ДРУГИ ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА И ИЗМЕНА ВО ТАРИФАТА НА НАДОМЕСТОЦИ НА УСЛУГИТЕ ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Почитувани,

Ве известуваме дека НЛБ Банка АД Скопје изврши измена и дополнување на Рамковниот договор за отворање и одржување на платежна сметка и други платежни услуги за физички лица, неговите составни делови Општите услови за отворање и одржување на платежна сметка и вршење други платежни услуги за физички лица и Тарифата на надоместоци на услугите за физички лица.

Измените се однесуваат на следното:

- воведување ИБАН број како единствена идентификациска ознака за платежна сметка, согласно Одлуката на Народна Банка на Република Северна Македонија (НБРСМ) за водечкиот број на давателите на платежни услуги и стандардите за креирање на платежните сметки кое стапува во примена од **09.11.2026** година.
- допрецизирање на делот за вонсудска постапка согласно член 227 од Законот за платежни услуги и платни системи (ЗПУПС) кое стапува во примена од **01.01.2027** година.
- измена на Тарифата на надоместоци на услугите за физички лица, која стапува во примена од **01.01.2027** година.
- измена во начинот на известување при измени во Рамковен договор и Општи услови како и укинување на поштата како канал за известување при измени во рамковен договор и неговите составни делови кое стапува во примена од **04.01.2027** година.
- терминолошки, редакциски и организациски усогласувања со одредбите од Законот за платежни услуги и платни системи преку допрецизирање на одредбите во насока на поголема транспарентност со примена од **04.01.2027 година**.

Измените во **Општите услови и Рамковниот договор за отворање и одржување на платежна сметка и вршење на други платежни услуги на физички лица се направени во насока на поголема транспарентност и јасност на применливите правила согласно Законот за платежни услуги и платни системи и се однесуваат на следното:**

- воведување ИБАН број како единствена идентификациска ознака за платежна сметка, согласно Одлуката на НБРСМ за водечкиот број на давателите на платежни услуги и стандардите за креирање на платежните сметки;
- допрецизирање на делот за вонсудска постапка согласно член 227 од ЗПУПС;
- прецизирани се правата и обврските на клиентите и Банката во делот на давање и повлекување согласност за иницирање на платен налог, извршување на платежни налози, отповикување на платен налог, користење платежни инструменти, оспорување трансакции и заштита на корисниците;
- прецизирани се одредбите за измена на лимитите за трошење, како и можноста за самостојна блокада на дебитна картичка;
- прецизирани се правилата за комуникација и информирање на корисниците, вклучувајќи користење на траен медиум, електронска комуникација, доставување изводи и известувања поврзани со безбедноста на платежните услуги.
- детално се прецизираат начините на комуникација со клиентите во случај кога постои сомнеж за неавторизирано користење, злоупотреба или сигурносна опасност;
- извршени се терминолошки, редакциски и организациски усогласувања, како и прилагодување на документацијата согласно видот на услугите за физички лица,

вклучително и подетален опис на условите под кои Банката ги дава платежните услуги и услугите поврзани со платежна сметка (како траен налог и дозволено пречекорување);

- допрецизирани се начините за постапување, како и правата и обврските во случај на неизвршување или неправилно извршување на платежна трансакција, во случај на неизвршена, неправилно извршена или задоцнета платежна трансакција како и обврската на Банката за поврат на корисникот на платежни услуги на износот на сите пресметани и/или наплатени надоместоци, вклучително и одговорноста на Корисникот како плаќач и како примач за неавторизирани платежни трансакции;
- прецизирани се одредбите за начинот и условите на измени, дополнување и раскинување на Рамковниот договор и документите кои го сочинуваат истиот (вклучително Општите услови и Тарифата на надоместоци на услугите зафизички лица);
- се укинува поштата како канал за известување при измени во рамковен договор и неговите составни делови, додека останатите канали предвидени со Рамковниот договор продолжуваат да се применуваат;

НАПОМЕНА: Со оглед на укинувањето на поштата како канал за известување, а со цел навремено и непречено информирање, ги повикуваме клиентите да ги проверат и, доколку е потребно, да ги ажурираат своите податоци во Банката.

Измената во **Тарифата на надоместоци на услугите за физички лица** на НЛБ Банка се однесува на:

- **Укинување на надоместокот за извршување на приливи од банки членки на НЛБ Групација**

Распределба на BEN/SHA/OUR приливи во валута различна од денари меѓу клиенти на НЛБ Групација - шалтер/ интернет банкарство и мобилна апликација	Без надоместок

Согласно Законот за платежни услуги и платни системи и Рамковниот договор, ќе се смета дека како корисник на платежни услуги, ги прифаќате промените во условите на Рамковниот договор и неговите прилози, доколку пред датумот на примена на измените не ја известите Банката дека ги одбивате промените во условите на Рамковниот договор и неговите прилози. Во тој случај, имате право да го раскинете Рамковниот договор, на било кој датум пред датумот на примена на измените, без да платите трошок или надоместок за раскинувањето.

Со почит,

НЛБ Банка АД Скопје